Виолета АЧКОСКА
Филозофски факултет-Скопје

# ИСЕЛУВАЊЕТО НА ТУРЦИТЕ ОД НР МАКЕДОНИЈА ПО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА (1945-1960)

Иселувањето на Турците и на сите други муслимански популации од Балканот претставува процес кој започнал со распаѓањето на Османлиската империја, но амплитудите на интензитетот на ова иселување биле различни во различни периоди, зависно од конкретната внатрешна или надворешна политичка состојба. Затоа и причините за наглото зголемување на барањата за иселување од Македонија по 1945 година треба да се бараат токму во конкретните општествено-политички прилики во земјата од една, но, и во погледите и сфаќањата на муслиманските верници, од друга страна. Ова иселување кое започнало веднаш по ослободувањето, во почетокот на педесеттите години зема сé поголем замав. Така, може да се рече дека речиси не постоела населба каде што живееле малцинства од муслиманска вероисповед (најмногу Турци и исламизирани Македонци) и каде што ова прашање не било секојдневно актуелно[1]. Според некои податоци (кои се различни), во периодот по Втората светска војна, од Република Македонија се иселиле околу 200.000 Турци[2].

Мошне видливо е иселувањето на Турците од Македонија и во периодот помеѓу двете светски војни (1918-1941), иако не се знае точниот број на овие иселеници по години. Втората светска војна само временски го спречи иселувањето, но никако не ја уништи желбата за одење во Турција, зашто веднаш по ослободувањето, како што стои во документите „кај приличен број од тур-

---

[1] Турското национално малцинство претежно живеело по селата, особено во Тиквешијата, Овче Поле и околу реката Брегалница, но значителен број живееле и во градовите Скопје, Битола, Охрид, Куманово, Тетово. Во помали групи живеело во Полошката Котлина (околина на Тетово), во Велешко, Битолско, Прилепско, Дебарско, Радовишко и во други делови на денешна РМ (Види: Ј. Ф. Трифуновски, *Исељавање турског становништва из Македоније*, Гласник Српског географског друштва, Свеска XXXV/1, Београд 1955, 161).

[2] Така, во евиденцијата на Државната служба за внатрешни работи (ДСВР) (Е. бр. 695 од 1.06.1958), до средината на 1958 г. биле евидентирани 127.048 иселени лица од Македонија во Турција, додека еден извештај на Комисијата за малцинства при ЦК КПМ, зборува дека до март 1959 година биле иселени 143.800 лица (Архив на Македонија (натаму: АМ), ф: ЦК КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к-60, а.е. 7, Прилог кон извештајот по прашањето за иселувањето на Турците, упростување процедурата на иселувањето и имовинските прашања, 1954). Останатите преселувања на околу 50.000 Турци се случувале од почетокот на шеесеттите години до распаѓањето на Југославија 1991 година.

ското малцинство постоеше стремеж и намера да се селат во Турција“[3]

Со доаѓањето на комунистите на власт, кои се декларираа како атеисти, Турците, во голема мера, се чувствувале верски загрозени, сметајќи дека „нема религија без крал“[4]. Затоа било евидентно нивното пасивизирање во однос на функционирањето на „народнофронтовскиот режим“ во тогашна Народна Република Македонија (НРМ), а уште позабележително било нивното дистанцирање од органите на Комунистичката партија (КПМ)[5]. Ваквиот однос на Турците кон новата комунистичка власт, зборува дека тие имале и верски и политички и економски причини заради кои се иселувале од Авнојската федерација (ФНРЈ) и од Македонија како нејзин дел.

Наспроти желбите и барањата за иселување на претставниците од определени малцинства, државата смета дека со политиката на национална рамноправност веќе е создаден нов амбиент кој ќе дејствува за нивното останување. Барајќи оправдување во фактот што такви преселби имало и порано, властите ја занемариле огромната улога на исламот, но, и на „социјалистичките“ услови на стопанисување во кои, приватната сопственост се прогласувала за „шпекулантска“ или „капиталистичка“. Набрзо станало јасно дека религиозноста т.е. живеењето по исламските правила за Турците било далеку поважно отколку прокламираната политика за националната рамноправност. Имено, тие во Кралството Југославија немале малцински права, но имале слобода на вероисповед, верски училишта, сибјан мектеби, медреси и мектеби кои постоеле скоро при секоја џамија и биле масовно посетувани од турските деца за сметка на редовните училишта[6]. Тие, исто така, поседувале поголеми земјоделски поседи и имале развиена трговска и занаетчиска дејност по градовите која можеле слободно да ја извршуваат до капитуалцијата на Кралството Југославија. За време на војната 1941-1945 година, Турците како да биле заплашени од антикомунистичката пропаганда-„оти со доаѓањето на партизаните ќе биде ликвидирана верата, нацијата, обичаите и др.“[7].

Во првите години по Втората светска војна, во годините на воведувањето на „комунизмот“ со неговиот нагласен атеизам и борба против „религиозните заблуди“, најпрво отпор кон „новото“ започнале да даваат поугледните верски претставници, потоа турскиот конзулат, организацијата „Јуџел“ и други „реакционерни елементи“. Заради тој факт и првите настојувања за иселување, главно, биле објаснувани „со верското и национално чуство“. Ставот на државата „да не се дава иселување никому“ уште повеќе придонесол за ширење

---

[3] АМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к-60, а.е. 7, исто, 1954.

[4] А CK SKJ, CK SKOJ-a, III, c/8, Централном комитету СКОЈ-а, Београд, бр. 553, 7.11.1945.

[5] Во еден партиски извештај од Штипскиот округ, од мај 1946, стои дека кај турското население се чуствува евидентна пасивизација, дека тоа воопшто не е активно при одредените акции, а партиската организација речиси воопшто не продрела меѓу Турците (АМ, ф: ЦК СКМ, Организационо-инструктивно одделение, к-4, а.е. 53, Извештај од терен на Владо Стругар до ЦК КПМ за посетата на партиската организација во Штипскиот округ, 30.05.1946).

[6] Види: Г. Тодоровски, Осврт на верскиот и општествениот живот на муслиманите во Македонија меѓу двете светски војни и по ослободувањето, Гласник на ИНИ, год. 40, бр.2, Скопје 1996, 105-118.

[7] АМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к-60, а.е. 7, исто, 1954.

на пропагандата за одење во Турција. Со оглед на тоа што властите ги попречувале редовните барања за иселување, се забележани бројни појави на дезертирање од Југословенската народна армијата и илегално пребегнување преку граница.

Заради сите тие моменти, се чувствувала напнатост која била зголемувана и со мошне интензивната пропаганда. Покрај пропагандата која се ширела во НРМ, иселениците развиле пропаганда и во Турција. Помеѓу другото, тие испраќале апели до турската влада со барање да преземе мерки за олеснувавање на иселувањето со што ќе овозможи и „спасување од комунизмот во Југославија“. Иако желбите за иселување биле големи, сепак, кај многу семејства постоел страв официјално да да го постават тоа барање.

Излегувањето на Резолуцијата на ИБ (1948) и новонастанатата ситуација во односите на Југославија со Исток и Запад, вродиле извесна надеж кај припадниците на турското национално малцинство дека ќе можат да бараат „отпуст од државјанство и иселување“[8]. Кон тоа своевидна улога одиграле и поголемиот број деловни луѓе кои доаѓале од Турција во Македонија по подобрувањето на југословенско-турските односи[9]. Овие луѓе прикажувале идилична и примамлива слика за животот во Турција и за грижата на турската влада околу дојденците што дејствувало доста силно врз Турците во Македонија[10], погодени од низата економско-политички мерки на југословенската држава.

Во тие рамки, пред сѐ, би ја навеле аграрната политика во периодот 1945-1953, со мерките како: аграрната реформа (1945-1948), задолжителниот откуп (1945-1953), колективизацијата на селото (1949-1953), ограничувањето на земјишниот максимум на 10 ха (1953) итн., со кои особено биле погодени турските големопоседници. Од друга страна, национализацијата на приватната сопственост (1946, 1948) ги засегнала приватните сопственици, занаетчии и трговци по градовите, кои не можејќи така лесно да се приспособат на новите услови, започнуваат процес на напуштање на Македонија. Движењето за „враќање во Турција“ станува поизразено во пролетта 1949 година[11], посебно

---

[8] Некои извори наведуваат дека во 1948 година само околу 10 семејства поднеле „молби за отпуст од државјанство“, а таквите барања се зголемувале од година во година, но сите биле негативно решени. Притоа била присутна тенденцијата на властите во разните извештаи да го минимизира бројот на барањата за иселување. Односот на властите во Македонија делувал кон засилување на пропагандата за иселување која, меѓу другото, наведувала дека „во Југославија турското малцинство е обесправено, дека Турците не се доволно застапени во власта, оти тие се отпуштаат од работа и сл.“ (АМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к-60, а.е. 7, исто, 1954).

[9] На пример, Околискиот комитет на СКМ-Титов Велес констатира дека се до воспоставувањето на добри и пријателски односи обезбедени со Анкарскиот договор (од 1953 помеѓу Југославија, Грција и Турција), „прашањето за иселување во Турција се поставуваше во помал обем отколку денеска“. Луѓето што како гости доаѓале од Турција во Титовелешка околија го фалеле “добриот живот во Турција“, делувале врз „националните чуства, а особено го искористуваа верскиот фанатизам“ (АМ, п.о. Велес, ф: Околиски комитет на СКМ-Титов Велес, к-6, Информација за состојбата околу иселувањето на турското национално малцинство во Турција, 1953/54).

[10] М, ф: ЦК КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к-60, а.е. 7, исто, 1954.

[11] Во 1949 г. е забележано масовно иселување на Турците од соседна Бугарија заради шовинистичкиот однос кон небугарските националности од страна на бугарската држава.

во Св. Николската и Штипската околија. Тоа се засилило со акцијата за симнување на зарот и фереџето, која била сфатена како навреда на националната чест и достоинството на турската и другите популации од муслиманска вероисповед[12]. Кампањата за симнување на зарот и фереџето била мошне интензивна во текот на 1950 година, а во јануари 1951 година бил усвоен и посебен закон[13]. На спроведувањето на одредбите на овој овој закон особено силен отпор се почувствувал кај дервишите кои започнале пропаганда тврдејќи дека „симнувањето на фереџето е првиот чекор за покаурчување"[14].

Дополнително кон ова, некои извори зборуваат и за постоење на извесни притисоци што албанското национално малцинство, особено учителите, ги вршеле врз Турците, не дозволувајќи отворање школи на турски јазик, на пример во Тетовско и Гостиварско, во обидите Турците како и исламизираните Македонци (Торбеши, Помаци) да ги именуваат како Албанци, во нивното шиканирање, итн.[15].

Од сето читање на документацијата за овој проблем, барем за првите повоени години, се стекнува извесен впечаток дека државно партиската политика за исти дела има поинаков однос кон Турците отколку кон Албанците. Турското население, „ни криво ни должно како да мора да го плати гревот на петвековното турско османлиско владеење во Македонија"[16]. Во ригорозната идеолошко-политичка подвоеност на „социјалистички" и „капиталистички" табор, непосредно по Втората светска војна, Турците понекогаш биле оквалификувани како „непријателско малцинство" бидејќи нивната матица била капиталистичка земја за разлика од Албанците чија матица припаѓаше на групацијата социјалистички земји[17].

Настојувањето на турското малцинство за преселување во Турција, Партијата (КПМ) го оценува како „непријателска активност против социјалистичката реконструкција на селото" спроведувана од „разбиената реакција и капиталистичките елементи на селото". Пласираната парола: „или во задруга или во Турција" се сметала за обид да се внесе незадоволство сред турските маси, да се компромитира власта, политиката на братството и единството и колективизацијата. Партиските активисти и припадниците на месните селски органи на

---

12 АМ, ф: ЦК СКМ, Организационо-инструктивно одделение, к-29, Информација за текот на симнувањето на зарот и фереџето, 9.02.1951.

13 АМ, ф: ЦК СКМ, Први конгрес на СКМ, к-27, Записник бр. 12, Са састанка Политбироа ЦК КПМ, 20.12.1951.

14 АМ, п.о. Велес, ф: Околиски комитет на СКМ-Титов Велес, к-6, Информација за состојбата околу иселувањето на турското национално малцинство во Турција, 1953/54.

15 За прашањето околу отворање на училиштата на турски јазик во Тетово и Гостивар, се пренесувале „скоро заеднички пароли" дека власта сака „да ги раздели Шиптарите". Притоа се јавувале и предупредувања од типот: „Нека се мислат оние што ќе се појават како Турци, што ќе прават утре кога ќе се промени власта кај нас" (АМ, ф: ЦК КПМ-СКМ, Комисија за национални малцинства, к-128, а.е. 32, Информација за политичката положба кај албанското малцинство во НРМ, веројатно 1951/52).

16 М. Кемал Карахасан , *Турскаша народносш доживеа еїзодус,* „Пулс", 13.02.1992.

17 АМ, п.о. Скопје, ф: Околиски комитет на СКМ-Скопје, к-1, Информација за одекот на изјавата на другарот Лазо во врска со иселувањето на Турците, 19.04.1954; Исто, Информација од 24.10.1954.

власта биле задолжени да покажат поголема будност во спречувањето на „непријателските активности“ и иницијативи за иселување[18].

Наоѓајќи се засегнати од економските мерки на државата, исплашени за положбата и слободата на својата вероисповед, чувствувајќи се загрозени во опстојувањето на нивниот затворен патријахален семеен живот со принудната еманципација на жената (одбулувањето), многу припадници на муслиманската вероисповед, а најмногу Турците бараат излез во емиграцијата. Притоа, оваа емиграција станува побројна по промената на партискиот став околу тоа прашање во 1954 година[19].

Затоа и официјалните оценки за иселувањето се движат во хронолошката рамка *пред* и *по* „говорот на Лазо Колишевски“. Додека дотогаш иселувањето се оценувало за „непријателска дејност“, веќе во 1954 год. Комисијата за национални малцинства при ЦК СКМ констатира дека иселувањето на Турците не е нова појава, а уште помалку појава создадена врз „некаква национална и верска нетрпеливост“. Во новосоздадената политичка клима се смета дека иселувањето не е предизвикано од каква било непријателска дејност насочена „против изградбата на социјализмот“ и иако има и такви појави „тие не се битни за иселувањето“[20].

Покрај очигледно нагласеното „големо“ значење на „изјавата на другарот Лазо“ и промената на партискиот став околу иселувањето, наглото зголемување на бројот на лицата кои барале отпишување од државјанството на ФНРЈ заради преселување во Турција во текот на 1954 год., бил поврзан и со еден многу практичен проблем-дозволата за лицата кои се селат да можат да ги продаваат своите имоти. Ова е поважно бидејќи кога ќе се проанализира социјалниот состав на турското малцинство во Македонија, може да се види дека повеќето биле иматели на приватна сопственост, т.е. припадници на т.н. „развластени слоеви“ на населението, а многу незначителен бил процентот на пролетери-работници од турскиот етнички елемент.

[18] Дури и претставниците на Исламската верска заедница во НРМ биле принудени, јавно, да дадат посебна изјава со која се поддржува политиката на колективизација на селото (која ќе ги „воведе селаните Шиптари и Турци“ во подобар живот) и се осудува тврдењето на одделни „реакционерни шехови и оџи“ кои настапувале со тврдењето дека задругите не биле во склад со исламските прописи („Нова Македонија“, VI, 1353, 14.5.1949, *Повеќе будност во однос на активноста од непријателските елементи)*.

[19] Ставот по тоа прашање „сè до говорот на другарот Лазо Колишевски бил нејасен, дури постоеја и непишани прописи спрема кои скоро се оневозможуваше иселувањето во Турција“. Таквиот став предизвикал „прилично јака реакција“ кај турското малцинство, реакција која на моменти прераснувала во „непријателска дејност против ФНРЈ и нејзиниот систем, кој за разлика од поранешните режими не им овозможува иселување“ (АМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к-60, а.е. 7, исто).

[20] Околиските комитети на СКМ, на барање на централното партиско раководство, доставувале информации за „одекот на изјавата“ на Лазо Колишевски. Така на пример, на барањето од 16.4.1954 г., Околискиот комитет на СКМ-Титов Велес, го информира ЦК дека изјавата на Колишевски во дневниот печат и воопшто прашањето за иселувањето, биле претресени на бројни состаноци на општинските комитети и на масовни конференции, при што е дадена оценката дека оваа изјава е добро примена од мнозинството на малцинските маси и дека со неа биле попречени „манипулациите на реакционерните елементи“ (АМ, п.о. Велес, ф: Околиски комитет на СКМ-Титов Велес, к-6, Информација за одекот на изјавата на др. Лазо Колишевски, 1954).

Така Турците, кои во голема мера во претходниот период биле трговци во градовите, по ослободувањето, влегле во категоријата „капиталистички остатоци“ и ним им било оневозможено да се занимаваат со слободна трговија. Тие биле принудени да работат како продавачи во трговската мрежа или на други разновидни и потешки работи, бидејќи немале нужно образование и други квалификации. Таков бил случајот и со занаетчиите кои на разни начини биле оневозможувани во својата приватна дејност, така што и овие гледале подобри можности за економски опстанок во Турција.

Големопоседниците од турското малцинство кои изгубиле голем дел од своите земјоделски имоти со аграрната реформа и со другите мерки на новата аграрна политика на државата (ограничување на земјишниот максимум), станале мошне несигурни во сопственоста на земјата и затоа гледале излез во иселувањето. Од своја страна, колективизацијата на селото (1949-1953) уште повеќе дејствувала на таа несигурност бидејќи со неа, остатокот на приватната земја се претворал во задружна сопственост, така што несигурни станувале дури и поситните земјоделци и селани[21].

Во почетокот, во првите педесетти години, претежно се иселувале луѓе од еснафот и чаршијата. Во истиот период, бројот на земјоделците и селаните кои се иселувале бил доста помал, а тие почнуваат да се иселуваат позабележително некаде од 1954 година. Така, во Источна Македонија било забележано дека селаните помасовно почнале да бараат иселување, „просто од страв да не останат сами, бидејќи од градовите во Штип, Титов Велес, Прилеп и др. Турците веќе во голем дел се селат“.

Следејќи го социјалниот состав на лицата кои емигрирале кон Турција, како што претходно наведовме, може да се види дека поголемиот дел од нив барале подобри можности за извршување на својата приватна стопанска дејност, надвор од ограничувањата на „социјалистичкиот сектор“. И покрај настојувањето да го прикажат иселувањето за природно и нормално, сепак, властите во ФНРЈ-НРМ констатираат дека една од битните причини за иселувањето на Турците е брзата социјалистичка преобразба која, наводно, доаѓала во судир „со заостанатоста на турското малцинство“[22].

Карактеристично за иселувањето во Турција е тоа што ова движење ги опфати речиси сите „помачки села“, освен во Дебарско (Долна Река), каде желбите за иселување биле нешто помали. Во Долнореканскиот крај, појавата за иселување помеѓу исламизираните Македонци т. е. „помаци“, била поединечна и тоа кај некои оџи, некои „позаостанати верски фанатици и

---

[21] Податоците од 1949 година зборуваат дека во НРМ имало „200 села населени исклучиво со шиптарско население и 110 национално мешани села, односно вкупно 310 села населени со овој национален елемент. Покрај шиптарските, постоеле и 95 чисто турски села, а 139 мешани во кои живееле Турци и Македонци, односно вкупно 234 села во кои живееле исклучиво национални малцинства-Турци и Шиптари. Ако извршиме сумирање се добива бројка од 544 села каде живееле Македонци, Шиптари и Турци“ (АМ, ф: ЦК СКМ, Комисија за село, к-17, Преглед на селата во кои живеат малцинства и участвието на малцинствата во СРЗ).

[22] Притоа, покрај Законот за забрана на зарот и фереџето, придонесол и последниот Закон за оџите, воведувањето на задолжително школување на женските деца, прашањето за задругите по селата и низа други работи.

побогати луѓе“. Наспроти ова, во некои околии, во мнозинството од помачките села „желбата за иселување била дури посилна отколку во некои чисто турски села“. Во повеќе такви села населени со исламизирани Македонци се јавиле превирања сред населението околу прашањето за националната припадност. Таму била присутна дилемата дали се Македонци или Турци. Заради силното влијание на муслиманската религија во животот и репродуцирањето на овие Македонци, често преовладувало расположението дека се Турци[23].

Превирањата околу определбата на националноста-македонска или турска, во голема мера, биле предизвикувани и од постоечката и перманентна пропаганда на одделни верски фанатици, додека партиските организации на теренот се држеле сосема незаинтересирано и пасивно, оставајќи им на исламизираните Македонци „сами да си определат своја националност“. Во одредени моменти и самите членови на Партијата, согледале дека не сториле многу да им помогнат во националното осознавање на овие луѓе, препуштени на исламската пропаганда.

Како повидлив пример за ваквите состојби се наведува она што се случувало во Титоввелешко, каде според партиските оценки „помаците скоро сите се чуствувале како Турци“ и манифестирале „најсилен“ верски фанатизам. Ова се потврдувало и со постоењето на силен отпор кај ова население при одбулувањето на жените, односно при симнувањето на зарот и фереџето. Овие оценки во некоја мера се и пренагласени, зашто официјалните (државни и партиски) органи ги давале со цел да го оправдаат фактот дека речиси најмногу барања за иселување дошле од помачките села Мелница, Виничани, Водоврати и Горно Врановци[24].

Истите појави се забележани и во некои села во Прилепско и Битолско. И тука кај одреден број од населението не биле искристализирани националните чувства бидејќи „говорат шиптарски, а се осеќаат Турци“. Овие припадници на малцинствата со муслиманска вероисповед, исто така, поставувале барања за иселување, поради што се запишувале како Турци.

Иселувањето на Турците и други малцинства во Турција, во различните делови од Македонија, имало свои специфичности. Така, во Источна и Централна Македонија овој процес се одвивал „правилно“ и без постоење на некакви притисоци. Во овие предели припадниците на националните малцинства биле оставени сами „потполно слободно да се определат како за својата националност“ така и за одлуката за иселување. Ситуацијата во Западна Македонија била малку поинаква заради притисокот што го вршеле албанските националисти врз Турците[25]. Носители на оваа „шиптарска националистичка про-

---

[23] АМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к-60, а.е. 7, исто.

[24] АМ, п.о. Велес, ф: Околиски комитет на СКМ-Титов Велес, к-6, Информација за состојбата околу иселувањето на турското национално малцинство во Турција.

[25] Особено карактеристично за Западна Македонија е тоа што многу Турци (накаде до 1949г.) се декларирале како Албанци. Така, на почетокот на 1952 година во Гостиварската околија од вкупно 51.880 жители, 37.967 се Шиптари, меѓутоа во тој „број се урачунати и Турците, а во градот Тетово према исказите на сите муслимани“ Турците биле преку 70% од евидентираните 48.647 Шиптари во Тетовската околија. Во Кичевска околија од вкупно 41.052 жители, Шиптарите бројат 13.673, но во тој број „не се издвоени Торбешите“. Најчесто „во званичната статистика Турците и Торбешите на овој терен се водат како Шиптари“. Малку попрецизни податоци постоеле за Дебарска околија бидејќи таму биле „одвоени Торбешите од Турците“, а „Шиптари во Дебарска околија се само 26% од целокупното население“ или од вкупно 25.818 жители, а

паганда се главно некои интелектуалци поглавито учители, некои занатлии и побогати селани". Тие изјавата на Колишевски ја толкувале „како маневар на власта да ја разбие компактноста на шиптарското население, да не би утре било во мнозинство и да не би мислеле да би се приклучиле кон Албанија, да овие краишта не се југословенски итн.". Во присутната големоалбанска пропаганда, оние кои сакале да се иселат или кои ги менувале легитимациите биле наречувани „предавници на албанскиот народ", дека тие не се Турци итн. Оваа иредентистичка пропаганда била најсилна во Гостиварската околија, а била присутна и во Тетово, Гостивар и Струга.

По регулирањето на југословенско-турските односи почнале да се остваруваат надежите дека ќе се дозволи иселување во Турција. Тоа дошло до израз особено во бројот на декларираниете Турци во Македонија во пописот од 1953 година. Така процентот на Турците во Македонија од 8,3% во 1948 година нараснал на 13,9% во 1953 година[26]. Истото продолжува и во текот на 1954 год. кога и официјално беше променет ставот на државата кон иселувањето, така што дел од декларираните Шиптари барале да се запишат како Турци, односно да ја променат националноста. И покрај постоењето на поголем број такви барања, сепак промена на легитимациите била дозволена само на „припадници на турското национално малцинство, селани кои зборуваат само турски"[27]. Така, дозволи за иселување („весики") од турскиот конзулат во Скопје добивале само оние кои во своите легитимации биле запишани како Турци и кои го зборувале турскиот јазик[28]. Затоа, набрзо, кај Албанците опаднало и расположението за одење во Турција.

Молителите доставувале барање до органите за внатрешни работи на теренот за отпишување од југословенско државјанство, приложувајќи ги и потребните документи[29], а целата процедура била поврзана со прилични финансиски

---

банското малцинство брои 6.862 жители (АМ, ф: ЦК КПМ, Прв конгрес на СКМ, к-27, Анализа за шиптарското малцинство во НРМ, 18.02.1952).

[26] Според пописот од 1948 год. во Македонија имало 68,4% Македонци, 17,4% Албанци, 8,3% Турци и 6% останати. Во 1953 год. имаме 65,9% Македонци, 12,4% Албанци, 13,9% Турци и 5,9% останати.

[27] Така, на пример, во Тетово за 10 дена преку 600 глави на семејства ги промениле своите легитимации, а во Гостивар значително помалку, околу 180, што „говори за појака националистичка албанска пропаганда" (АМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к-60, а.е. 7, исто).

[28] При самата постапка за иселување, уверение за отпишување од државјанство на ФНРЈ се давало само на лица кои: 1) во семејството на молитетот употребуваат турски јазик, како семеен и молителот да зборува турски и 2) се декларирале пред надлежните државни органи по 1944 година (како при уписот на книгата на државјаните, во изјавата при постапката за издавање на лична карта, при уписот во државните матични книги итн.) како Турци. За припадник на турското национално малцинство се сметало само она лице кај кое биле стекнати горните два услови, со тоа што, во поглед на вториот услов било потребно соодветното лице континуирано да се декларира за припадник на турската националност. (АМ, п.о. Велес, ф: Околиски комитет на СКМ-Титов Велес, к-6, Информација за состојбата околу иселувањето на турското национално малцинство во Турција).

[29] Ова отпишување од државјанство се правело врз основа на член 19 од Законот за државјанство на ФНРЈ во врска со член 47 и 48 од Правилникот за извршување Законот за државјанство на ФНРЈ.

издатоци кон државата[30] и за подмирување на адвокатскиот надоместок, селидбените и патните трошоци[31].

Во почетокот се јавувале низа проблеми околу прибирањето и вадењето на документите за иселување. За да се заверат сите документи била потребна речиси цела година, а нормално време било околу 6-8 месеци[32]. При обезбедувањето на потребната документација, особени потешкотии имале селаните бидејќи биле неуки, „невични", но и заради тоа што било нужно сите полнолетни лица од едно семејство најмалку трипати да доаѓаат во околискиот центар и тоа: за поднесување молби за отпишување од државјанство, за давање оглас во печатот, потоа за примање на решението итн[33]. Ваквото доаѓање во градскиот центар доста ги оптоварувало селаните, посебно од оние села кои се наоѓале подалеку од околискиот центар. Потешкотии се јавувале и при добивањето на гарантни писма, бидејќи некои селани немале роднини во Турција. Затоа била присутна појавата за колективно обраќање до турската влада со молби да им издаде гаранции, за кои, исто така, се чекало неколку месеци.

Сите овие административни постапки, покрај високите такси, го отежнувале иселувањето. Малку подоцна, процедурата била упростена и забрзана, така што молбите обично се решавале во рок од 2 до 3 месеци, вклучувајќи го тука и времето потребно за добивање согласност од Сојузниот државен секретаријат за внатрешни работи[34].

Евиденцијата за иселените домаќинства-припадници на турското национално малцинство и положбата на нивната недвижност не била водена уредно до средината на 1957 година. Таа е востановена за попрецизно водење дури од 1.7.1957 год. и ги опфаќала домаќинствата кои што се преселувале по овој датум. Евидентирањето на оние кои се иселиле пред 1.07.1957 г. било отежнато, така што се јавува голема разлика помеѓу евиденцијата на Државниот секретаријат за финансии и збирната евиденција на Државниот секретаријат за внатрешни работи. Партиските документи (според податоците добиени од СВР) наведуваат дека во периодот од 1953 до 1957 година од НРМ се иселиле

---

[30] За едно полнолетно лице се плаќала државна такса од 14.400 динари и локална такса од 500 динари (АМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к-128, а.е. 5, Информација за иселувањето на припадниците на турското национално малцинство од територијата на народна Република Македонија, 24.08.1959), а за оглас во „Нова Македонија" 2.625 динари. Според податоците на Околискиот комитет на КПМ-Титов Велес, за разни такси и други давачки на еден член се паѓало 17.275 динари. Од овие најголеми биле таксата за отпишување од државјанство 12.000 дин. и такси за огласот во „Нова Македонија". Овие цени се од 1953 г. додека подоцна биле покачени. (АМ, п.о. Велес, ф: Околиски комитет на СКМ-Титов Велес, к-6, Информација ...).

[31] Целокупните трошоци изнесувале околу 30.000 тогашни динари за еден молител (АМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к-128, а.е. 5, исто, 24.08.1959).

[32] Доста време се губело и при набавување на документите зошто тие требало да се бараат од повеќе установи-од општинските одбори, од околиските одбори, од обвинителството, од секретаријатот за внатрешни работи. На терноот се јавиле и повеќе "дрвени адвокати# кои што наплатувале доста високо за пишување на разни молби.

[33] АМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к-60, а.е. 7, Прилог кон извештајот по прашањето за иселувањето на Турците, упростување процедурата на иселувањето и имовинските прашања, 1954.

[34] АМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к-128, а.е. 5, исто, 24.08.1959.

околу 110.000 лица од кои околу 105.000 Турци и околу 5.000 Шиптари[35].

Според податоците на Државниот секретаријат за внатрешни работи до 31.12.1958 год. биле иселени 125.795 лица, а според евиденцијата на Државниот секретаријат за финансии 78.655 лица или за 37,48% помалку. Евиденцијата на Државниот секретаријат за внатрешни работи се водела збирно за цела НРМ, а не по околии како што ја водел Државниот секретаријат за финансии. Иако биле преземани мерки за средување на евиденцијата на Државниот секретаријат за финансии, состојбата тешко се поправала. Особено лоша состојба била забележана во Штипската околија каде што имало и најголем број на иселени домаќинства.

Според статистиката за „отпуст од нашето државјанство“, до март 1959 година вкупно биле иселени 143.800 лица[36]. Притоа, најголемиот број лица се иселуваат по 1954 год., по промената на официјалниот став на државата околу иселувањето, така што од 1.939 лица, кои биле отпишани од југословенско државјанство во 1953 година, бројот се наголемува на 17.396 во 1954. Најголем број лица се иселиле во 1955 год. (38.045 лица), а во следните две до три години иако бројот е прилично висок тој е сепак во опаѓање и на крајот од педесеттите се забележуваат помал број поодделни иселувања[37]. Истовремено, одделни лица, поради разни причини, но најчесто заради склучување брак, барале повторно запишување во југословенско државјанство. Бројот на ваквите лица не бил голем и биле евидентирани околу 200 случаи. Иселувањето на Турците и на други малцинства со муслиманска вероисповед од Македонија се случуваше истовремено со општото раздвижување на сите муслимански популации-од Косово, Санџак, Босна и Херцеговина и Црна Гора кои како река почнаа да се слеваат во Македонија. Притоа, прв на удар бил градот Скопје, а набрзо потоа почнало населување и во другите градови-Титов Велес, Куманово, Штип, но и во околните села на Скопска и Битолска околија.

Доселувањето на ова население се вршело во поголеми или помалки групи и цели семејства, а датира некаде од 1951 година. Приливот се интензивирал од месец до месец, така што официјалните власти не можеле точно да го утврдат бројот на доселените лица. Според националната припадност, најго-

---

[35] АМ, цит. фонд, к-128, а.е. 10, Информација за економската проблематика на подрачјата населени претежно со малцинско население во НР Македонија (1958).

[36] Ако го погледнеме иселувањето по години тоа се движело вака: 1951г.-31 иселено лице; 1952г.-153 лица; 1953г.-1.939 лица; 1954г.-17.396; 1955-38.045; 1956-28.816; 1957 -27.432; 1958-23.626; 1959 (до 15 март) -6.362 лица.

[37] За да можеме, барем приближно да видиме колку Турци останале во Македонија на крајот од педесеттите години, потребно е да се земе пописот од 1953 и кон тој број да се додаде природниот наталитетен прираст, но, од тој број да се одземат лицата „отпуштени“ од југословенско државјанство и бројот на лицата кои поднесле барање за отпишување од југословенско државјанство, а за кои сеуште не биле донесени решенија. Тоа практично значи:

По пописот од 1953 имало Турци ............... .203.938 лица

Ослободени од државјанство на ФНРЈ ....... 140.968 лица

Нерешени молби на .......................................... 2.620 лица

Остануваат Турци во НРМ ............................ 60.350 лица

Во овие податоци не е пресметан природниот прираст со кој оваа цифра на Турци кои останале во НРМ нешто би се покачила.

лемиот број од нив биле припадници на албанското национално малцинство. Бидејќи во своите републики тие не можеле да добијат отпишување од државјанство, наводно ја користеле можноста за стекнување на републичко државјанство на НРМ, со кое подоцна можеле да бараат отпишување од државјанство на ФНРЈ.

Судрени со бранот на доселници од другите делови на Федерацијата, властите во НРМ презеле извесни мерки за сопирање на стихијното населување. Меѓутоа овие мерки не биле и не можеле да бидат доволно ефикасни бидејќи било „уставно начело да граѓаните на ФНРЈ можат слободно да се настануваат каде што сакаат". Покрај поделбата на НРМ на две зони-дозволена и забранета за иселување[38], државните органи во НРМ, а специјално за градот Скопје, преземале и други мерки[39], но и покрај нив доселувањето продолжувало и понатаму, а поголемиот дел засекогаш останале во Македонија[40].

Во врска со ваквиот прилив веднаш се поставило и прашањето: „Што работат овие луѓе во НРМ?"[41]. Иако во почетокот повеќето доселеници од муслиманска вероисповед имале намера да се иселат во Турција, заради неможноста да добијат „весики" (бидејќи најголемиот број биле Албанци, а не Турци по национална припадност), тие останувале во Македонија и тука ја продолжувале својата егзистенција. Така, освен во Скопје и другите градови, започнало нивното населување и по селата, а особено во Битолска, Титоввелешка и Штипска околија, каде што за незначителни суми пари купувале земја и куќи. Тоа најчесто биле оние исти обезвредени имоти на Турците кои ја напуштале Маке-

---

[38] „Порано по едно интерно упатство беше НРМ поделена на две зони дозволена и забранета зона. Од првата зона се пуштаа во Турција сите припадници на националните малцинства, додека во втората зона беше забрането давање отпуст од нашето државјанство без оглед на националната припадност на лицата. Од оваа зона беа засегнати правите Турци бидејќи и тие не можеа да се иселуваат. Но, кога се увиде дека со оваа поделба на НР Македонија се прави неправда спрема правите Турци, и бидејќи истата поделба беше став на ДСВР на НРМ, поделбата на зони не можеше долго да се одржи" (АМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к-128, а.е. 5, исто).

[39] Така, на пример, властите ги одредувале зградите во кои имало доселени лица како непогодни за живеење, не им издавале право на живеалиште (туку само на престој) итн., а доколку не можеле да пријават живеалиште имале потешкотии во добивањето државјанство на НРМ.

[40] Според некои непотполни податоци, во 1959 год. биле евидентирани 22.776 лица. Ова е бројка на лица кои официјално добиле републичко државјанство на НРМ, а за оние диви, непријавени никој не ја знае статистиката. Евидентираните доселеници во најголем број биле од НР Србија-1.842 лица, од Косово 12.972 лица, од Санџак 2.965, од НР Босна и Херцеговина 2.147 и од НР Црна Гора 2.850 лица (АМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к-128, а.е. 5, исто, 24.08.1959).

[41] Во самиот почеток, со оглед на целта на нивното доаѓање-желбата да најдат начин да ја напуштат ФНРЈ, се дошло до заклучок „дека голем број се беспосличари и арчи пари од продадените свои непокретни имоти во местата од каде што дошле. Добар дел се оддал на криминал, останатите работат како општи работници, а нарочито по граѓевинските објекти и на крајот овие лица не можат да се усталат на едно стално место бидејќи се нестручни". Покрај тоа, здраствената состојба на дојденците била незадоволителна, а условите каде живееле многу непогодни. Биле евидентирани поголем број лица заболени од ТБЦ или други потешки оболувања, но „поради нивната верска заостанатост" имало „случаи каде болните бегаат од болница, уште неизлечени, а живеат во многу негодни станови и по повеќе души во една соба..." Дури поголемиот дел живееле „по шупи и тоа по 20 и повеќе члена заедно...." (АМ, цит. фонд, к-128, а.е.5, исто).

[42] Со иселувањето на Турците се појавила голема понуда за продажба на недвижен имот,

донија[42]. Најочигледен пример за тоа е што „најголемото помачко село во Титоввелешко", Горно Врановци, денес е сосема албанизирано[43].

Масовното иселување на Турците за Турција создава „извесна пасивност кај општествено-политичките организации и органите на народната власт во решавањето на низа проблеми од општествен и културен карактер, а од интерес на турското население". Така, на пример, не се обрнувало доволно внимание кон решавањето на проблемите од сферата на образованието како: оспособување на учителски и друг наставен кадар, одржување на постојните училишта со настава на турски јазик, борба против затворањето на одделни турски паралелки заради немање доволен број ученици итн. Со мотивација дека наскоро ќе се иселат, речиси престанало доделување на стипендии на деца од турското национално малцинство. Истовремено, со истата мотивација, се појавиле низа случаи „да се отпуштат од работа разни службеници и раководители на стопански организации од турска националност"[44].

Иселувањето кое започнало некаде во 1951, кулминациона точка достигнало во 1955 година, а од таа година сè до 1959 го следиме постојаното опаѓање на бројот на лицата што заминувале за Турција. Според некои индикации, тоа се должи на фактот што дотогаш речиси се иселиле поимотните лица, т.е. оние кои можеле да отпочнат некаква приватна дејност во Турција, а останале главно, оние со послаба материјална положба. Додатно кон ова, причина биле и превисоките такси кои морале да се платат за „отпуст" од југословенско државјанство. Трето, припадниците на турското национално малцинство кои барале отпуст од југословенско државјанство не можеле да го користат ни „сиромашното право", т.е правото на имотниот ценз со оглед на тоа што речиси секое лице имало повеќе од 175 динари данок по член на семејство така што не можело да добие уверение за „сиромашното право". Исклучок биле само две семејства кои го искористиле тоа право[45].

Своевидно влијание на сопирањето на преселувањето имал и новиот Закон за национализација на наемните згради и градежно земјиште[46] (25.11.1958) со кој бројни сопственици не можеле веќе да ги продадат недвижните имоти кои потпаѓале под одредбите на овој закон. Имало случаи кога лицата кои ги продале имотите не можеле да им потпишат сопственост на купувачите бидејќи

---

куќи, земја. Проблемот бил доста акутен бидејќи на пазарот на недвижности наеднаш се јавила поголема понуда од побарувачка. Заради тоа и цената на земјата доста опаднала. Ова коинцидирало и со периодот кога селанството масовно го напуштало селото и се преселувало во градовите, така што запустените имоти по растурањето на колективите останале необработени, а многу македонски села празни.

[43] Така, во 1959 год. од вкупно евидентираните 22.776 ново населени припадници од муслиманските популации 12.911 лица се наоѓаат во Скопската околија, 1.341 во Битолска околија, 1.888 во Кумановска, 9 во Охридска, 625 во Тетовска, 4.003 во Титоввелешка и 1.999 во Штипска околија (АМ, исто, 24.08.1959).

[44] АМ, ф: ЦК КПМ/СКМ, Комисија за национални малцинства, к-128, а.е. 13, Информација за идејно-политички проблеми што се јавуваат во подрачјата со национални малцинства во НРМ.

[45] АМ, исто, а. е. 5, Информација за иселувањето на припадниците на турското национално малцинство од теренот на Народна Република Македонија, 24.08.1959.

[46] Сл. лист на ФНРЈ, 52/58.

истите веќе биле национализирани од државата[47]. Иста збрка настанала и со продажбата на куќите продадени пред 5.11.1958, чие околно земјиште потпаднало под одредбите за национализација[48].

Покрај овие причини, врз смалување на силниот преселнички бран дејствувала и пропагандата што започнала да пристигнува од Турција за животот и работата на луѓето кои тргнале во таа неизвесна преселба. И покрај националното чувство, сепак, за нив Турција била непозната земја во која тие морале да работат „од зора до мрак" заради обезбедување на егзистенција, немале детски додаток, не биле социјално осигурани, плаќале превисоки кирии и сл. Тамошниот живот и климатски услови биле сосема поинакви од оние во Македонија и многу од луѓето тешко се приспособувале на новиот живот. Голем дел од нив им пишувале на своите блиски да си останат каде што се зашто животот во Турција е тежок и полн со борба за економски опстанок. Од друга страна, на крајот на педесеттите години, и во Југославија беа на повидок порелаксирачки години на политиката и економијата, со помалку државни стеги. Така и турското национално малцинство се вклопуваше во општествените текови без страв дека ќе ја изгуби верата или нацијата, а можеше да си обезбеди и попристоен живот од економска гледна точка.

А таму во Турција, со долги години на макотрпна работа, македонските преселници се вградија во општествениот и стопански живот на оваа држава, негувајќи силно чувство на љубов и приврзаност кон земјата од каде што дошле, кон Македонија и нејзините луѓе.

---

[47] Така, на пример, имало случаи во Струга и Липково „...да некои лица кои добиле отпуст од државјанство, ги продале своите имоти пред 25.11.1958 година и ја примиле договорената сума но преносот не го извршиле, односно немале оверени купопродажни договори во смисол на чл. 70 Од Законот за национализација на наемните згради и градежно земјиште. Бидејќи замјиштата се во потесни градежни реони сите се национализирани со Законот на име на бившите сопственици.. Продавачите (иселеници) ги поарчиле примените пари, а спрема ст. 2 чл. 72 од Законот тие би морале парите да им ги вратат на купците" (АМ, исто, а.е. 5, исто).

[48] Секретаријатот за финасии побарал од околиските служби известување за бројот на ваквите случаи и за финасискиот ефект од истите. Притоа, според известувањата на народните одбори вакви карактеристични случаи биле забележани само во Охридска (15 случаи) и во Кумановска околија (8 случаи). Разрешувањето на овие случаи било ставено во надлежност на народните одбори и регулирано со задолжителното толкување на чл.39 од Законот за национализација според кое поранешниот сопственик може национализираното неизградено градежно земјиште да го даде на привремено користење на друг со или без надоместок, задржувајќи на него право на користење кое по законот го има, како и да може тоа право да го пренесе на друг-со или без надоместок (Сл. лист на ФНРЈ, 24/59).

# РЕЗИМЕ

Во низата демографски промени што се случуваа на тлото на денешна Република Македонија во периодот по Втората светска војна, посебен феномен претставува иселувањето на Турците и други граѓани со муслиманска вероисповед. Иако ваквото мигрирање кон Турција е присутно на балканските простори и во претходните децении, сепак, тоа по 1945 година добива нови димензии и специфичности. Со оглед на тоа што проблемот е многу обемен и специфичен, со низа долгорочни последици за етничкиот состав на РМ, во трудот изнесуваме само некои поважни и покарактеристични причини, моменти и последици на овој процес.